**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД**
***СУ-07-773/20-1***
***30.11.2020 година***
**СКОПЈЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP**
***Agj -07-773/20-1***
***viti 30.11.2020***
**SHKUP**

Врз основа на чл.36 од Законот за судска служба ( „Сл. Весник на РМ" бр. 43/14,33/15,98/15,6/16,198/18 и 248/18) и Предлогот на Комисијата за селекција за вработување за работно место број 2- Советник - информатичар, категорија В, ниво В1, СУ-07-773 од 27.11.2020 година, Судскиот администратор на Основниот граѓански суд Скопје, на ден 30.11.2020 година, донесе:

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

За работното место број 2- Советник - информатичар, категорија В, ниво В1, се избираат:

- за извршител број 1- Кандидатот со шифра 02/2020-13, **АРЛЬИНДА БУШИ МАМУТИ,** Албанка, со вкупен број на освоени бодови 73,14.

- за извршител број 2- Кандидатот со шифра 02/2020-28, **ДОНЧО СТЕФАНОВСКИ,** Македонец, со вкупен број на освоени бодови 71,33.

Решение за вработување на избраните кандидати ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

### Образложение

Основниот граѓански суд Скопје објави оглас бр. 2/2020 за вработување на 2 (два) извршители на работно место Советник - информатичар, категорија В, ниво В1, на ден 07.10.2020 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Koha".

По спроведената постапка за селекција за вработување за работно место број 2- Советник - информатичар, категорија В, ниво В1, согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во

врска со постапката за вработување на судски службеници („Сл.весник на РМ“ бр. 236/ 18), Комисијата за селекција за вработување за работно место број 2- Советник - информатичар, категорија В, ниво В1, до Судскиот администратор достави Предлог на кандидати за вработување за работното место број 2- Советник - информатичар, категорија В, ниво В1, заведен под СУ-07-773 од 27.11.2020 година.

Согласно со означениот Предлог, за работното место број 2- Советник - информатичар, категорија В, ниво В1, за извршители се предлагаат: за извршител број 1- кандидатот со шифра 02/2020-13, Арљинда Буши Мамути, Албанка, со вкупен број на освоени бодови 73,14 и за извршител број 2- кандидатот со шифра 02/2020-28, Дончо Стефановски, Македонец, со вкупен број на освоени бодови 71,33.

Согласно со чл. 36 ст.1 од Законот за судска служба, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избиран судски администратор, во рок од пет дена по добивањето предлогот на кандидати за вработување, е должен да донесе одлука за избор.

Раководејќи се од примената на означената законска одредба, а имајќи го во вид Предлогот на кандидати за вработување за работното место број 2- Советник - информатичар, категорија В, ниво В1, заведен под СУ-07-773 од 27.11.2020 година, Судскиот администратор одлучи како во изреката.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР**
**ХРИСТИНА ПАЛЧЕВСКА**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од осум дена од денот на доставувањето на одлуката за избор преку Основниот граѓански суд Скопје до Советот на судска служба.

**ДН:** - Арљинда Буши Мамути
- Дончо Стефановски
- судска управа
на интернет страницата на судот
на огласна табла на судот
- Радмила Филимановска